**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**ЗА РАКОПИСОТ „ТЕОРИЈА НА КНИЖЕВНОСТА“ ОД ПРОФ. Д-Р РАНКО МЛАДЕНОСКИ, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и Одлуката бр. 1902-177/7 од 178. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 19.9.2018 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Виолета Димова, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, редовен професор,
- проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, редовен професор,

за изготвување на извештај, рецензија за приложениот ракопис со наслов **„Теорија на книжевноста“ од вонр. проф. д-р Ранко Младеноски,** наменет за студентите на прв циклус студии на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошки факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Ракописот од вонр. проф. д-р Ранко Младеноски со наслов „Теорија на книжевноста“ понуден како универзитетски учебник за објавување во електронска форма на веб-страницата од Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип се однесува на предметот *Теорија на книжевноста* во третиот семестар, со неделен фонд на часови од 2+2+1 и е наменет за студентите од трет семестар на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како и за студентите од другите катедри на Филолошки факултет во Штип, како што се: Англиски јазик и книжевност, Италијански јазик и книжевност, Германски јазик и книжевност, Турски јазик и книжевност кои го следат курсот *Теорија на книжевноста* како изборен предмет во втора студиска година, односно во трет семестар. За приложениот ракопис од Младеноски може да се каже дека е во согласност со Предметната програма за курсот *Теорија на книжевноста*, а авторот на почетокот ја нуди таа Предметна програма според која и е структурирана наставната материја во овој учебник. Од вака понудената предметна програма и од содржината на ракописот може да се забележи дека авторот се придржувал до Предметната програма предвидена за курсот *Теорија на книжевноста*.

Учебникот со наслов „Теорија на книжевноста“ од Младеноски содржи 270 страници, А4 формат, на кои е елаборирана содржината од областа на теоријата на книжевноста во три делови (дијахрониски, синхрониски и апликативен) и во неколку поглавја во нив, а на крајот од учебникот се приложени и дополнителни сегменти, како што се *Речникот на термини* и *Библиографијата*. Според обемот и содржината, а и според бројот на часовите за предметот *Теорија на книжевноста*, овој учебник ги задоволува сите услови предвидени со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Со оглед на фактот дека учебникот е подготвен според специфичната Предметна програма за курсот *Теорија на книжевноста* што го следат студентите од трет семестар на Филолошкиот факултет во Штип, овој ракопис претставува оригинален учебник што ќе ги упати студентите во конкретни иновативни приоди кон интерпретацијата (анализата) на драмските, прозните и поетските книжевно-уметнички дела. Освен тоа, овој учебник ќе ги насочи и ќе ги поттикне студентите кон темелна подготовка на двата писмени колоквиуми и на завршниот устен испит по предметот *Теорија на книжевноста*, а во исто време ќе им ги прошири и ќе им ги продлабочи знаењата од областа на теоријата на книжевноста како една од трите научни дисциплини во рамките на општата наука за книжевноста.

Конкретната содржина во учебникот „Теорија на книжевноста“ од Младеноски е изложена во три дела: а) Прв дел Дијахронија; б) Втор дел – Синхронија; в) Трет дел – Апликации. Кон нив се приложени и *Речник на термини* и *Библиографија*.

Во првиот дел од учебникот „Теорија на книжевноста“ со наслов *Дијахронија* се појаснуваат историските аспекти на теоријата на книжевноста како научна дисциплина во рамките на општата наука за книжевноста. Имено, покрај прашањето за местото на теоријата на книжевноста меѓу науките и дефинирањето на теоријата на книжевноста како научна дисциплина, овде се третира и проблематиката поврзана со појавата и развојот на теоријата на книжевноста од античкиот период до денес, при што се елаборирани суштинските методолошки пристапи што се појавиле во еден долг временски период од безмалку два и пол милениуми – античката и средновековната поетика, позитивизмот, рускиот формализам, структурализмот, постструктурализмот и постколонијалната теорија. Освен тоа, во овој дел се дадени и суштинските особености на книжевните стилски формации, односно на книжевните епохи, како и на книжевните правци. И покрај тоа што проблематиката поврзана со истражувањата на книжевните епохи повеќе ѝ припаѓа на историјата на книжевноста отколку на теоријата на книжевноста, сепак треба да се истакне фактот дека елаборацијата на книжевните епохи во голем дел разработува и прашања од книжевната теорија, како што се, на пример, појава на нови книжевни видови, различни поетики во разни епохи и различни стилови во книжевните дела, теориски разработки на конкретните книжевни епохи од нивни значајни претставници и слично, а тоа значи дека авторот со право во овој учебник понудил и една панорамска слика за книжевните епохи (стилските формации) и за книжевните правци. Овој прв дел од учебникот е значаен поради тоа што студентите ќе добијат јасна претстава за различните приоди во интерпретацијата на книжевните дела, односно за методолошкиот плурализам во теоријата на книжевноста, а ќе ги прошират своите видици и преку запознавањето со разновидните книжевни епохи што се појавуваа во текот на историскиот развој на книжевноста како уметност на зборот.

Вториот дел од овој учебник - *Синхронија* ги опфаќа најсуштинските структурни сегменти на книжевноста, како и начините (методите) за нивното интерпретирање, односно анализирање. Овде најпрво се врши систематизација на предметот на проучување на теоријата на книжевноста со тоа што се нудат неколку начини на класификација на книжевноста, а особено внимание му е посветено на прашањето за книжевните родови и за книжевните видови. Потоа, во истиот дел од овој учебник следува обработка на теориските аспекти на трите основни облици во кои се појавува книжевноста – драмата, прозата и поезијата. Тоа значи дека најпрво се нудат основите на драматургијата (теоријата на драмата), при што се појаснуваат термините „драма“ и „драматургија“, се елаборираат основните драмски структури, а посебно внимание се обрнува на Аристотеловата книга „За поетиката“ која е основа не само за драматургијата ами и за сета теорија на книжевноста, но и на делото „Мала книга на стапици“ од нашиот познат драмски автор и драматург Горан Стефановски. Во однос на теоријата на прозата, пак, авторот се фокусира на моделите за анализа на прозата од познати и признати наратолози како што се Владимир Јаковлевич Проп, Алжирдас Жилиен Грејмас и Ролан Барт, а понудена е и детална елаборација на семиолошките аспекти на книжевниот лик врз основа на истражувањата на познатиот француски книжевен теоретичар Филип Амон. Во рамките, пак, на теоријата на поезијата, односно на поетологијата, акцентот е ставен на стилските фигури (метаболи) и тоа преку три методолошки пристапи – класификација, дефиниција и илустрација. Станува збор, имено, за сегмент (дел) од учебникот којшто на едноставен и на мошне приемлив (разбирлив) начин им го нуди на студентите фундаменталниот книжевно-теориски инструментариум за практична интерпретација на книжевни дела од каков било вид.

Во тој контекст, третиот дел од учебникот - *Апликации* е осмислен и реализиран со практични примери на анализа (интерпретација/ толкување) на конкретни книжевно-уметнички дела и тоа од драмски, прозен и поетски карактер, од познати и признати македонски автори како што се Војдан Чернодрински (драма), Блаже Конески (поезија), Драги Михајловски (проза), Венко Андоновски (проза), како и од двајца помлади автори од современата македонска книжевност – Славчо Ковилоски (драма) и Елена Пренцова (поезија). Овде авторот успеал солидно да ја илустрира функционалната симбиоза

на теоријата и практиката, односно постигната е основната методска, методолошка и педагошка цел на учебникот – студентите да ја увидат и да ја разберат практичната (апликативната) функција на книжевно-теориските модели врз одредени сегменти од точно определен белетристички материјал што е, всушност, и фундаменталната наставна задача на курсот по *Теорија на книжевноста*.

Покрај сета оваа богата содржина, во учебникот „Теорија на книжевноста“ е приложен и *Речник на термини* којшто ќе им помогне на студентите во разбирањето на сложениот терминолошки систем што се применува во теоријата на книжевноста. Со *Библиографијата*, пак, што е дадена на крајот од овој учебник, студентите ќе се насочат кон полесно проширување и продлабочување на знаењата од областа на теоријата на книжевноста.

Содржината на овој учебник, исто така, е збогатена и со еден дополнителен методско-методолошки инструмент, односно со „прашања и задачи“ на крајот од секоја методска единица што во голема мера ќе ги поттикне и ќе ги мотивира студентите кон активен интелектуално-емоционален пристап во совладувањето на предвидените наставни содржини за предметот *Теорија на книжевноста*.

### З А К Л У Ч О К

Ракописот на вон. проф. д-р Ранко Младеноски со наслов „Теорија на книжевноста“ што е понуден за објавување како рецензиран универзитетски учебник во електронска форма на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип претставува мошне сериозно изработен методски и методолошко-апликативен труд во кој на еден системски начин се понудени апстрактните, но и практичните (прагматските) аспекти на теоријата на книжевноста како научна дисциплина во рамките на општата наука за книжевноста и како наставен предмет на Филолошкиот факултет во Штип. Овој учебник со наслов „Теорија на книжевноста“ во голема мера ќе им помогне на студентите во совладувањето на сложената материја од областа на теоријата на книжевноста, како и во стекнувањето на неопходните вештини за практична примена на теориските начела и принципи при толкувањето на структурните сегменти и на значењето (смислата) на конкретни книжевно-уметнички дела од каков било вид – драмски, прозни и поетски. Во таа смисла, учебникот ќе им биде од голема полза на студентите и при подготовката на двата писмени колоквиуми, како и на усниот испит по предметот Теорија на книжевноста.

Врз основа на предочените и образложени факти за содржината на учебникот со наслов „Теорија на книжевноста“ од вонр. проф. д-р Ранко Младеноски, Рецензентската комисија заклучува дека овој труд во целост ги исполнува критериумите за објавување на учебници, практикуми и други наставни помагала предвидени со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Затоа, како членови на Рецензентската комисија, со задоволство им предлагаме на членовите на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип да го прифатат овој труд за објавување во е-библиотека на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип како рецензиран универзитетски учебник по предметот Теорија на книжевноста.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Виолета Димова, с.р.**
**Проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска, с.р.**